Дневни билтени

2015
Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември
2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на ден од дневни настани 30.07.2023

На 30.07.2023 од страна на полициски службеници од Одделот за криминалистичка полиција, Сектор за недозволена трговија со дрога оружје и опасни материи заедно со СВР Штип на булевар „Гоце Делчев" во Штип приведен е В.И. (51) од Кочани бидејќи кај него биле пронајдени автоматски пиштол „шкорпион" и 21 куршуми калибар 7.65 мм. Лицето во моментот издржува казна затвор во траење од вкупно 18 години во КПУ Куманово, а користел викенд отсуство. Известен е јавен обвинител и од страна на СВР Штип по документирање на случајот ќе биде поднесена кривична пријава за извршено кривично дело по чл.396 од КЗ.

Денеска (30.07.2023) во 02.00 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода А.Х.(20) од с.Ново Село, затоа што кај него биле пронајдени и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.07.2023 во 12.50 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода Б.С.(29) од с.Врапчиште, затоа што кај него биле пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.07.2023 во 16.45 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода А.Х.(29) од с.Орашје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.07.2023 во 18.00 часот на обиколница кај с.Костурник, од страна на полициски службеници од Полициската станица за граничен надзор Сопот биле забележани две патнички моторни возила со скопски регистарски ознаки „опел зафира" и „сеат леон" од кои се сминувале лица-мигранти, додека возачите се дале во бегство. По преземени мерки, од полициските службеници бил лишен од слобода А.Н.(32) од Скопје кој со возилото „опел зафира" превезувал мигранти. На местото на настанот затекнати биле 16 мигранти, сите од Сирија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.07.2023 во 04.00 часот било пријавено дека на магистралниот пат Штип-Велес патничко моторно возило „мерцедес" со велешки регистарски ознаки, управувано од Т.М.(24) од Велес, излетало надвор од коловозот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, констатирани во Комплексот клиники „Мајка Тереза" во Скопје. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Велес.

На 29.07.2023 во 10.00 часот во Полициската станица Карпош 3.Б.(56) од Скопје пријавил дека во Градскиот парк во Скопје бил каснат од куче скитник.

Во текот на изминатата вечер (29/30.07.2023) во периодот од 22.00 до 04.00 часот на територија на СВР Битола спроведена е засилена акциска контрола за санкционирање на возачи кои управуваат возило под дејство на алкохол. При контролата санкционирани се 51 возач (26 во Прилеп, 10 во Битола, 5 во Македонски Брод, 4 во Ресен, по 3 во Крушево и Демир Хисар). За време на контролата биле санкционирани и 49 други видови прекршоци.

Акциски контроли продолжуваат и во наредните денови. Апелираме до граѓаните да ги почитуваат сообраќајните правила.

На 29.07.2023 година во 00.50 часот на паркинг простор на планина Плачковица полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш ги лишиле од слобода Ј.Р. (26) од Радовиш и Ѓ.И. (29) од село Раклиш, радовишко, затоа што при преглед кај Ј.Р. бил пронајден кокаин. Во службен разговор извршен со него во полициската станица истиот признал дека кокаинот му го дал Ѓ.И. Лицата се задржани во полициската станица Радовиш. Истиот ден во 20.00 часот на регионален пат Радовиш – планина Плачковица, полициски службеници од Одделението за внатрешни работи Радовиш ги лишиле од слобода Д.З. (30) и С.К. (40), двајцата од Радовиш. При преглед кај нив била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајите против лицата ќе бидат поднесени соодветни пријави.

На 29.07.2023 околу 17.00 часот, при преглед извршен во автокамп лоциран на брегот на Охридското езеро, врз Д.А.(23) од Скопје, полициските службеници пронашле и одзеле кеса со марихуана и нож. Д.А. е приведен во полициска станица и против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29.07.2023 во СВР Охрид е лишен од слобода Ф.Б.(37) од Скопје. При преглед извршен во автокамп лоциран на брегот на Охридското езеро, полициски службеници од одделението за недозволена трговија со дрога при СВР Охрид, кај него пронашле и одзеле кокаин и марихуана. Дополнително, при претрес извршен по судска наредба во неговата камп приколка, пронајдена е кеса со марихуана. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 29/30.07.2023 од 22.00 до 04.00 часот, на подрачјето на СВР Охрид, преземени се засилени контроли во патниот сообраќај. Притоа, полициските службеници затекнале 11 возачи кои, управувале моторни возила под дејство на алкохол (Охрид- 07, Струга-01, Кичево-02, Дебар-01). Тие, веднаш се исклучени од сообраќај, одземени им се возачките документи и поднесени им се соодветни платни налози.

Денеска (30.07.2023) во 03.00 часот Л.И.(31) од Скопје, пријавил дека на 29.07.2023 околу 21.30 часот во с.Синегиљ, бил физички нападнат од Б.Ј. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (30.07.2023) во 01.00 часот било пријавено дека пред угостителски објект на подрачјето на Гази Баба по претходна расправија бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу А.Р.(29) и А.А.(42), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.07.2023 во 22.30 часот Р.А.(19) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Шуто Оризари бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.07.2023 во 15.30 часот З.Д.(62) од Скопје пријавил дека на 28.07.2023 околу 00.15 часот на подрачјето на Центар бил физички нападнат од едно лице кое му одзело пари и воздушен пиштол. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.07.2023 во 10.00 часот било пријавено дека во Скопје, на подрачјето на Центар по претходна расправија бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Е.Г.(34) од Скопје и Б.Н. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.07.2023 во 08.00 часот било пријавено дека на пазар на подрачјето на Карпош по претходно недоразбирање бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу С.А.(35) од С.Сарај од едната страна и Б.Ј.(51), Д.І.(47) и О.І.(25) сите од с.Кршиповје од друга страна, а бил употребен и тврд предмет. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.07.2023 во 11.30 часот А. Ј. (33) од с. Булачани пријавил дека неговата сопруга Д. Ј. (28) на 28.07.2023 околу 13.30 часот од непознати причини си отишла од нивниот дом и со себе си земала свои лични работи, а на 29.07.2023 во 06.30 часот во кујната пронашол писмо кое истата го оставила во кое пишува причини поради кои заминала. Приврзителот пајсонил дека не е пре пат Д.Ј да се оддалечи од домот. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

На 29.07.2023 во 13.30 часот Е.К.(19) од Скопје пријавил дека околу 01.00 часот на подрачјето на Чаир едно лице физички го нападнало и со закана му одзело сребрен ланец. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.07.2023 во 23.20 часот С.В.(31) од Штип пријавил дека во луна парк во Куманово додека ги извршувал своите работни обврски, по претходно недоразбирање, бил физички нападнат од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.07.2023 во 22.30 часот во Куманово полициски службеници од СВР Куманово ги лишиле од слобода Џ.Љ.(62) и Г.Љ.(35) двајцата од Куманово, поради тоа што физички нападнале полициски службеник. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (30.07.2023) во 01.15 часот во Прилеп полициски службеници од Полициската станица Прилеп ги лишиле од слобода Х.М.(34) и Б.С.(33), двајцата од Прилеп поради тоа што физички го нападнале Д.І.(30). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.07.2023 во 20.00 часот Ш.Џ. од Прилеп пријавил дека во Прилеп тој, А.Џ., М.Џ., и А.Џ. биле физички нападнати од неколку лица. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (30.07.2023) во 03.00 часот М.Н.(45) од Прилеп пријавил дека на 29.07.2023 околу 21.00 часот во Прилеп неговиот малолетен син бил физички нападнат од Е.О.(21) од Прилеп. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.07.2023 во 00.20 часот бил пријавено дека околу 18.30 часот во Битола И.С. физички нападнал тројца малолетници. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.07.2023 во 09.35 часот В.Т.(69) од Богданци пријавил дека околу 03.30 часот во Богданци бил физички нападнат од П.Г. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.07.2023 во 02.30 часот во Струница од полициски службеници бил лишен од слобода З.Х.(38) од Струница поради спречување на полициски службеник во вршење на службени дејствија. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.07.2023 во 13.00 часот Н.К.(41) од с.Николиќ пријавил дека на 28.07.2023 околу 17.20 часот, во Дојран бил физички нападнат од И.М. од Нов Дојран. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.07.2025 во 19.05 часот полициски службеници ги лишиле од слобода У.К.(56) од пехчевско поради постоење основи на сомнение дека извршил полов напад врз неговата внука. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.07.2023 во 23.40 часот полициски службеници ги лишиле од слобода Ѓ.М.(41) поради тоа што во велешко физички ја нападнал неговата 32 годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.07.2023 во 22.10 часот било пријавено дека во спортска обложувалница во Тетово Б.М. агресивно се однесувал и почнал да оштетува дел од инвентарот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.07.2023 во 23.50 часот А.Г.(40) од Гостивар пријавил дека околу 19.00 часот во Гостивар бил физички нападнат од О.Н.(28) и А.Н.(23). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 29.07.2023 во 11.40 часот Т.Ѓ.(63) од С.Ратотинце пријавил дека во С.Легуновце од зататкан куршум му било оштетено ветробранското стакло на неговото патничко возило „пежо 307". Повредени лица нема. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Денеска (30.07.2023) во 00.52 часот било пријавено дека на делницата да автопатот Градско-Велес кај наплатна станица Градско патничко моторно возило „волво" за скршило метална рампа од наплатната кабина, по што го напуштило местото на настанот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.07.2023 во СВР Скопје од Итната медицинска помош Велес било пријавено дека во Комплексот клиники „Мајка Тереза" бил донесен малолетник од с.Лабоџиште кој се здобил со струен удар во напуштен објект во истото село.Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.07.2023 во 15.40 часот вработен во Зоолошката градина во Скопје пријавил во СВР Скопје дека чинале два коња, за кои се сомневал дека биле отрувени. Се работи на расчистување на случајот.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (29.07.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територијата на град Скопје изречени се вкупно 171 мерка, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина 89 санкции, 11 мерки за возење под дејство на алкохол, седум санкции за возење без возачка дозвола. Изречени се три мерки за користење мобилен телефон при возење, седум санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло), три мерки за некорректење сигурносен појас...

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-mouta: kontakt@mol.gov.mk
Изработено од Унет